# Тријалози на ЕУ: Законот за вештачка интелигенција мора да ги заштити човековите права

## Изјава на граѓанското општество за основните права во Законот за вештачка интелигенција на ЕУ

*Додека институциите на Европската Унија[1] започнуваат со преговорите во тријалози, граѓанското општество ги повикува институциите на ЕУ да проверат дали Регулативата ги става луѓето и основните права на прво место во Законот за вештачка интелигенција (Законот за ВИ).*

Во Европа и низ светот се користат системи со ВИ за да нѐ следат и да нѐ контролираат на јавни места, да предвидат колку е веројатно дека ќе извршиме криминални дејства во иднина, да го олеснат начинот на прекршување на правото за барање азил, да ги предвидат нашите емоции, да нѐ категоризираат и да донесат клучни одлуки што ќе го одредат нашиот пристап до јавните услуги, социјалната заштита, образованието и вработувањето.

Без построга регулација, компаниите и владите ќе продолжат да ги користат системите со

[1] Европскиот парламент, Советот на Европската Унија и Европската комисија започнаа со меѓуинституционални преговори, „тријалози“, за да постигнат привремен договор за законодавен предлог што ќе биде прифатлив и за Парламентот и за Советот.

ВИ што го влошуваат масовниот надзор, структурната дискриминација, централизираната моќ на големите технолошки компании, неодговорното донесување јавни одлуки и предизвикувањето штета на животната средина.

**Ги повикуваме институциите на ЕУ да се проверат дали развојот и употребата на ВИ се одговорни, транспарентни за јавноста и дали луѓето добиваат мотивација да се спротивставаат на штетите:**

## 1. Охрабрете ги засегнатите луѓе со рамка на отчетност, транспарентност, пристапност и правен лек

Од исклучителна важност е Законот за ВИ на ЕУ да ги охрабри луѓето и чинителите што имаат јавен интерес да разберат, да препознаат, да оспорат и да бараат правен лек во ситуации кога системите со ВИ ги влошуваат штетите и ги прекршуваат основните права. За таа цел, клучно е Законот за ВИ да изработи рамка за отчетност, транспарентност, пристапност и правен лек. Во рамката мора да биде направено следново:

- Обврска за сите јавни и приватни „корисници" (спроведувачи) да извршат и да објават процена на влијанието на основните права пред користењето на секој систем со ВИ со висок ризик и активно вклучување на граѓанското општество и на засегнатите луѓе во овој процес;
- Барање сите корисници на системите со ВИ со висок ризик и корисниците на сите системи во јавниот свет да наведат дека ќе ги користат тие системи во база на податоци на ЕУ што е видлива за јавноста пред користењето;
- Да се погрижи дека давателите на услуги со ВИ со седиште во ЕУ чии системи влијаат врз луѓето надвор од ЕУ подложат на исти барања како оние што се внатре во ЕУ.
- Да овозможи хоризонтални и интегрирани барања за пристапност за сите системи со ВИ;
- Да се осигури дека луѓето што се засегнати од системите за ВИ се известени и имаат право да бараат информации во ситуации кога се погодени од одлуки и исходи што произлегуваат од користењето на ВИ;
- Да го вклучи правото на засегнатите луѓе да поднесат жалба кај националните власти ако нивните права се прекршени при користење некаков систем со ВИ;
- Да го вклучи правото на застапување физички лица и правото на организациите што имаат јавен интерес да поднесат самостојни жалби кај национални надзорни тела;
- Да го вклучи правото на ефикасни правни лекови за прекршување на правата.

## 2. Поставете граници за штетниот и дискриминирачки надзор

## од страна на националните органи за безбедност, спроведување на законот и миграција

Сѐ почесто се развиваат и се користат системи со ВИ во штетни и дискриминирачки облици на државен надзор. Таквите системи несразмерно ги опфаќаат заедниците што веќе се маргинализирани, ги поткопуваат законските и процедуралните права и придонесуваат кон масовниот надзор. Кога системите со ВИ се користат во контекст на спроведување на законот, безбедноста и контрола на миграцијата, постои уште поголем ризик од предизвикување штета и прекршување на основните права и владеењето на правото. За да се спроведе јавниот надзор и да се спречи штета, во Законот за ВИ на ЕУ мора да има:

- Целосна забрана за спроведување биометриска идентификација од далечина во реално време и во ретроспектива на јавно достапни места од страна на сите чинители, без исклучоци;
- Забрана за сите облици на системите за предвидување и профилирање при спроведување на законот и кривичното право (вклучувајќи ги системите што се фокусираат на и ги опфаќаат поединците, групите и локациите или областите);
- Забрани за ВИ во контекст на миграција за извршување поединечни процени на ризици и профили врз основа на лични и чувствителни податоци и предиктивни аналитички системи што се користат заради забранување, ограничување и спречување на миграцијата;
- Забрана за системи на биометриска категоризација што ги категоризираат физичките лица врз основа на чувствителни и заштитени карактеристики, како и користење каква било биометриска категоризација и автоматизирани системи за препознавање на однесувањето на јавно достапни места;
- Забрана за користењето системи за препознавање емоции за да се изведат заклучоци во врска со емоциите и менталната состојба на луѓето;
- Одбивање на додатокот на Советот што претставува општ исклучок на Законот за ВИ во врска со системите со ВИ кои се развиваат или се користат за цели на национална безбедност;
- Отстранување на исклучоците и дупки во законот за спроведување на законот и контрола на миграцијата предложени од Советот;
- Овозможување транспарентност за јавноста за тоа кога, како и за што јавните чинители користат ВИ со висок ризик во полето на спроведување на законот и контрола на миграцијата, како и избегнување на исклучоците на обврската за внесување употреби со висок ризик во базата на податоци за ВИ на ЕУ.

## 3. Возвратете на лобирањето на големите технолошки компании: отстранете ги дупките во законот што ги поткопуваат прописите

Законот за ВИ на ЕУ мора да постави јасни и правно сигурни стандарди за примена, со цел ефективно спроведување на законодавството. Законодавството мора да се придржува до објективен процес за да утврди кои системи се со висок ризик и да ги отстрани сите „дополнителни слоеви" што се додаваат на процесот на класификација на високите ризици. Таквиот слој би им овозможил на лицата што ја развиваат ВИ, без отчетност или надзор, да одлучат дали нивните системи претставуваат доволно „важен" ризик што би гарантирал правен надзор во согласност со Регулативата. Дискреционот процес на класификација на ризици ризикува да го поткопа целиот Закон за ВИ, при што би се преминало на саморегулација, би се поставиле ненадминливи предизвици за спроведување и усогласување и би се поттикнале поголемите компании да намалат со класифицирањето на нивните системи со ВИ.

Преговарачите на Законот за ВИ не смеат да попуштат на лобирањата на големите технолошки компании што се обидуваат да ги заобиколат прописите од финансиски интерес. Законот за ВИ мора:

- да го отстрани дополнителниот слој што се додава на процесот за класификација на ризикот во член 6 и да го врати јасниот и објективен процес за класификација на ризикот наведен во првобитниот став на Европската комисија;
- да се осигури дека давателите на услуги за системи со ВИ со општа намена имаат јасни обврски во согласност со Законот за ВИ и да не дозволи помалите даватели и корисници да го носат товарот на обврските што треба да биде сносен од лицата што првично ги развивале системите.

**Изготвиле:**

1. European Digital Rights (EDRi)
2. Access Now
3. Algorithm Watch
4. Amnesty International
5. Bits of Freedom
6. Electronic Frontier Norway (EFN)
7. European Center for Not-for-Profit Law, (ECNL)
8. European Disability Forum (EDF)
9. Fair Trials
10. Homo Digitalis

11. Irish Council for Civil Liberties (ICCL)
12. Panoptykon Foundation
13. Platform for International Cooperation on the Rights of Undocumented Migrants (PICUM)

**Потпишале:**

14. 7amleh-The Arab Center for the Advancement of Social Media
15. Academia Cidadã - Citizenship Academy
16. Africa Solidarity Centre Ireland
17. AlgoRace
18. Algorights
19. All Faiths and None
20. All Out
21. Anna Henga
22. Anticorruption Center
23. ARSIS - Association of the Social Support of Youth
24. ARTICLE 19
25. Asia Indigenous Peoples Pact
26. Asociación Por Ti Mujer
27. Aspiration
28. Association for Juridical Studies on Immigration (ASGI)
29. Association Konekt
30. ASTI asbl - Luxembourg
31. AsyLex
32. Austria human rights League
33. Avaaz
34. Balkan Civil Society Development Network
35. Bulgarian center for Not-for-Profit Law (BCNL)
36. Bürgerrechte & Polizei/CILIP, Germany
37. Canadian Civil Liberties Association
38. Chaos Computer Club
39. Charity & Security Network
40. Citizen D / Državljan D
41. Civil Liberties Union for Europe
42. Civil Society Advocates
43. Coalizione Italiana Libertà e Diritti civili
44. Comisión General Justicia y Paz de España
45. Comisión Legal Sol
46. Commission Justice et Paix Luxembourg
47. Controle Alt Delete
48. Corporate Europe Observatory (CEO)
49. D64 - Zentrum für digitalen Fortschritt
50. DanChurchAid (DCA)
51. Danes je nov dan, Inštitut za druga vprašanja
52. Data Privacy Brasil
53. Defend Democracy
54. Democracy Development Foundation
55. Digital Security Lab Ukraine
56. Digital Society, Switzerland
57. Digitalcourage
58. Digitale Gesellschaft
59. Digitalfems
60. Diotima Centre for Gender Rights & Equality
61. Donestech

62. epicenter.works - for digital rights
63. Equinox Initiative for Racial Justice
64. Estonian Human Rights Centre
65. Eticas
66. EuroMed Rights
67. European Anti-Poverty Network (EAPN)
68. European Center for Human Rights
69. European Civic Forum
70. European Movement Italy
71. European Network Against Racism (ENAR)
72. European Network on Statelessness
73. European Sex Workers Rights Alliance (ESWA)
74. Fair Vote
75. FEANTSA, European Federation of National Organisations Working with the Homeless
76. Free Press Unlimited
77. Fundación Secretariado Gitano
78. Gong
79. Greek Forum of Migrants
80. Greek Forum of Refugees
81. Health Action International
82. Hiperderecho
83. Homo Digitalis
84. horizontl Collaborative
85. Human Rights Watch
86. I Have Rights
87. IDAY-Liberia Coalition Inc.
88. ILGA-Europe (the European region of the International Lesbian, Gay, Bisexual, Trans and Intersex Association)
89. info.nodes
90. Initiative Center to Support Social Action "Ednannia"
91. Institute for Strategic Dialogue (ISD)
92. International Commission of Jurists
93. International Rehabilitation Council for Torture victims
94. IT-Pol
95. Ivorian Community of Greece
96. Kif Kif vzw
97. KOK - German NGO Network against Trafficking in Human Beings
98. KontraS
99. Kosovar Civil Society Foundation (KCSF)
100. La Strada International
101. Lafede.cat
102. LDH (Ligue des droits de l'Homme)
103. Legal Centre Lesvos
104. Liberty
105. Ligali / IDPAD (Hackney)
106. Ligue des droits humains, Belgium
107. LOAD e.V.
108. Maison de l'Europe de Paris
109. Metamorphosis Foundation
110. Migrant Tales
111. Migration Tech Monitor
112. Mnemonic
113. Mobile Info Team
114. Moje Państwo Foundation
115. Moomken organization for Awareness and Media

116. National Campaign for Sustainable Development Nepal

117. National Network for Civil Society (BBE)

118. National old folks of Liberia.com

119. Novact

120. Observatorio Trabajo, Algoritmo y Sociedad

121. Open Knowledge Foundation Germany

122. Partners Albania for Change and Development

123. Politiscope

124. Privacy First

125. Privacy International

126. Privacy Network

127. Promo-LEX Association

128. Prostitution Information Center (PIC)

129. Protection International

130. Public Institution Roma Community Centre

131. Racism and Technology Center

132. Red en Defensa de los Derechos Digitales

133. Red Española de Inmigración y Ayuda al Refugiado

134. Refugee Law Lab, York University

135. REPONGAC

136. SHARE Foundation

137. SOLIDAR & SOLIDAR Foundation

138. Statewatch

139. Stichting LOS

140. Superbloom (previously known as Simply Secure)

141. SUPERRR Lab

142. SwitchMED - Maghweb

143. Symbiosis - Council of Europe School of Political Studies in Greece

144. TAMPEP European Network for the Promotion of Rights and Health among Migrant Sex Workers.

145. TEDIC - Paraguay

146. The Border Violence Monitoring Network

147. The Good Lobby

148. Transparency International

149. Volonteurope

150. WeMove Europe

151. Xnet